СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Третото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 ноември 1995 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Живко Јанкуловски, Горѓи Атанасов, Душан Николовски, Стојан Ковачевски, Пецо Стојановски, Љубомир Поповски, Илинка Митрева, Јане Ангеловски, Димитрие Поповски, Ратка Куљан Зографска и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Деветта точка.

На последното продолжение на оваа седница го заклучивме претресот по Предлогот за донесување на законот за денационализација.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за денационализација.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон за денационализација при што да ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните

тела на Собранието како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на РМ, Министерството за финансии и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

**Минуваме на Пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на Пратеничките прашања на пратениците: Здравко Стојковски, Бранко Арсовски, Санде Давчев, Зоран Шапуриќ, Газменд Ајдарага, Ванчо Чифлиганец, Мирко Трипуновски, Томислав Стојановски, Драган Митевски, Илија Гоцевски, Ристо Трајковски, Пецо Стојановски, Јован Лазаров, Ферид Мусовски, Панчо Минов, Димитар Трпеновски, Фаик Абди, Назми Малиќи,Вељо Тантаров, Ване Наумовски, Хисен Рамадани, Зоре Темелковски, Љупчо Мешков, Мирко Лазаревски, Исмет Рамадани, Славко Котевски, Илија Каров, Благој Стефановски, Џеладин Мурати, Кире Видимче и Борис Павлов.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Бидејќи не сум задоволен од одговорот на поставеното прашање кои манифестации Министерството за култура ги подржува и со колку средства

и врз база на кои критериуми? Ми беше одговорено, дека поаѓајќи од изградените критериуми, па дополнително сакам одговор да се даде кои критериуми и на прашањето кои се тие критериуми, на прашањето која манифестација со колкави средства е подржувана, не е одговорено, само се набројани манифестациите.

Па, барам да се наброи која манифестација со колкави средства, односно. да се одговори на поставеното прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега немаме претставници на Владата, би Ви предложил малку да причекаме, бидејќи сега, еве,им јавивме.

Бидејќи сега треба да поминеме на Дваесет и петата седница тука е министерката за образование.

(Некој од пратениците од место побара да се работи по Дваесет и петата седница).

Ама, барем една седница да завршиме, вака само ни остануваат рeслови.

Ние навистина сме овде многубројни, ако се согласувате сепак ние да прејдеме на 25-та седница, па кога ќе пристигнат повеќе претставници на Владата да поминеме на пратенички прашања, како што сме се договориле на почетокот на оваа 29-та седница.

Дали се согласувате така? (Да)

Молам, кој е за да крене рака?

54 пратеници гласаа за.

(Реакција на некој пратеник во салата)

Не, не, станува збор за пратенички прашања, еден од основните права на пратениците, сакам да се види ставот на пратениците.

Дали има некој против?

6 пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека сега ние одлучивме да минеме на 25-та седница.

(Седницата прекина со работа во 12,25 часот).